# З А П И С Н И К

**од седумнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година**

Седумнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 11.05.2026 година во 13:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми, Анкица Трпковска и д-р Адмирим Алити.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за седумнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од шеснаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
3. Интервју со повиканите кандидати по јавниот конкурс за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации број 1102-17/14 од 14.04.2026 година;
4. Разно.

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за седумнаесеттиот состанок во 2026 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, од повиканите 8 (осум) кандидати изврши интервју со сите 8 (осум).

Седницата заврши во 15:30 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________

Анкица Трпковска, заменик претседател________

Анѓелка Диневска, член________

Насер Адеми, член________

Д-р Адмирим Алити, член________

Наш број 1102-24/2

Скопје 11.05.2026 година